


Уни Банка АД Скопје го проширува својот тим  и бара амбициозен и искусен:

# Менаџер за Корпоративна продажба во експозитура Струга

## Краток опис на работната позиција:

- Промоција и продажба  на прозиводите и услугите на Банката наменети за корпоративни клиенти;
- Директна продажба на терен;
- Вкрстена продажба на сите производи на Банката;
- Градење и одржување на кредитно порфолио;
- Изработка на пазарни анализи;
- Подготовка на документација за изработка на кредитни извештаи;

## Клучни одговорности:

- Градење и одржување на долгорочни односи со постојни и  потенцијални корпоративни клиенти;
- Препознавање на финансиските потреби на клиентите и предлагање соодветни банкарски производи и услуги;

- Промовирање, понуда и продажба на производи  и услуги на правни лица на постојни клиенти и аквизиција на нови клиенти;
- Остварување на продажните цели и резултати со цел зголемување на пазарното учество, портфолиото и конкурентската предност на Банката;
- Учество во подготовка на кредитни анализи и деловни предлози;

## Потребни квалификации и компетенции:

- Универзитетско образование;
- Претходно искуство за работа во корпоративни клиенти (предност ќе имаат оние кандидати кои имаат искуство од областа на корпоративно кредитирање и работа со  правни лица);
- Развиени комуникациски и продажни вештини потребни за советување на клиенти и продажба;
- Способност за тимска работа, одлучување, самоиницијативност, организациски и аналитички вештини;
- Одлично познавање на англиски јазик, како и стручно/напредно користење на MS Office;
- Познавање од оцена на инвестициони проекти и кредитно портфолио;
- Познавање на управување со кредитно досие;

## Бенефиции за Вас:

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Пријатна и тимска работна атмосфера во современи работни услови;
- Обуки од ментори со висок степен на стручност и искуство;
- Можност за личен и професионален развој, стекнување нови вештини и компетенции;
- Учество во општествено одговорни и спортски активности, корпоративни настани, и слично;
- Дополнително здравствено осигурување;

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 25.09.2026 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk